Мисија на Христоделфијаните за Библијата

**Д О П И С Е Н   К У Р С**

Лекција 17

## ХРИСТИЈАНСКИ СЛЕДБЕНИЦИ (3)

Бракот е соединување на два одвоени животи, во најинтимна врска од сите човечки врски / односи. Кога Исус бил прашан за бракот, тој одговорил, цитирајќи го Битие 2:24;

*"Зарем не сте читале дека на почетокот Создателот ги создал машкото и женското, и рекол, ´Заради оваа причина мажот ќе ги напушти својот татко и мајка и ќе биде соединет со својата жена, и тие ќе постанат едно месо´? Така што тие повеќе не се двајца, туку едно. Затоа, тоа што Бог го соединил заедно, човек нека не го разделува."* (Матеј 19:4-6)

Јасно е од ова дека бракот е замислен од Бог за доживотно посветување. Исус продолжил, па рекол,"Ви велам дека секој еден кој се разведува од својата сопруга, освен заради брачно неверство, и се ожени со друга жена прави прељуба." (Матеј 19:9)

Бог бара од нас да ги правиме нештата "на начин кој прилега и да има ред" (1Коринтјаните 14:40). Затоа е соодветно за бракот да биде со сведоци и запишан од заедницата во која ние живееме, така на тој начин ќе биде признаен и од Бог и од човек.

### Избор на партнер

Кога Бог ги направил Своите созданија машко и женско, тој им дал јак природен инстинкт кој ги привлекува еден кон друг заради репродукција. Во случајот со луѓето, Неговата креација од повисок степен, на кои им ја дал способноста да размислуваат, интелигентни суштества, Тој сака ние да заземе одговорен став кон нашите природни инстинкти. Тој очекува од нас да со чувство избереме партнер за цел живот, и да се однесуваме со љубов и грижа кон него и семејството.

Во сегашново време овие високи стандарди многу често не се почитуваат од страна на мажите и жените, а тоа не му е угодно на Бог. Природно е дека треба да им одговориме на инстинктите кои Бог ни ги дал, но ние мораме да го правиме тоа на одговорен начин.

Со ова во мислите, Христијанските следбеници треба да го изберат својот партнер меѓу оние кои ја споделуваат нивната љубов за Христос, некој кој е припремен, како што тие се, да му бидат послушни на Христос во нивниот живот, и кој ќе ги дели сите нивни надежи за во иднина. Да се споделува домот, децата, и сета интимност на брачниот живот со некој кој нема Христијански стандарди може да биде многу тешко. Избирањето на погрешен брачен другар ќе повлијае врз животот на следбеникот кое може да го / ја оттргне од верата Христијанска. Апостолот Павле бил убеден во тоа, и употребил многу силни зборови спрема Христијанските браќа и сестри во Коринт. Тој вели:

*"Не впрегнувајте се заедно со неверници . . . Какво другарство светлината може да има со темнината? . . . Што има заедничко верник со неверник?* (2 Коринтјаните 6:14)

Навраќањето на Павле за "нееднакво впрегнување" доаѓа од сознанието дека орањето ќе биде успешно само ако двете животни се од иста големина, јачина, брзина и темперамент. Ако животните се многу различни, и двете ќе се чувствуваат неудобно во јаремот, што ќе резултира со многу малку завршена работа. Ваков е бракот кога двајца со различни стандарди, амбиции и цели во животот се обидат да ги споделат своите животи - тие постојано нема да се слагаат еден со друг и ќе има напнатост, стрес и судир.

Пријателство помеѓу маж и жена може да се развие во ´заљубување´, и тие бидуваат привлечени еден кон друг.И покрај тоа што на почетокот привлечноста е на прво место, како што се запознаваат подобро тие можат да откријат дека тие имаат заеднички интереси, и овие интереси ќе ги приближат уште повеќе. Следбеник од Исус, сепак, се ветил себеси да му служи на Господ. Ако новиот пријател е исто така слуга на Господ, тогаш тие можат да се охрабруваат и да си помагаат еден на друг. Ваквото заедништво може да биде голем благослов, и да донесе радост не само за нив двајца туку и за нивните пријатели, и на Бог Самиот горе на небесата.

Така она што следи е дека Христијанин треба да одбегнува да биде вовлечен во врска со некој кој не ги споделува најважните и највредните нешта во овој живот - нашата врска со Исус. Многу е полесно да ја одбегнете оваа ситуација пред да отиде предалеку отколку подоцна да се повлечете, кога длабоки емоции и чувства се развиле, и тоа да резултира во болка и горчина.

Овие зборови можат да звучат тешко, но нивната мудрост несомнено е над сето тоа. Бракот помеѓу двајца кои не се согласуваат за најважните нешта во животот може да доведе до несреќа, но заедница од двајца верници во Исус Христос е благословена од Бог, и децата од тој брак се исто така благословени така тие ќе растат во хармонична атмосфера и со Бог.

## Партнери неверници

Знаеме дека би било погрешно намерно да се стапува во брак со неверник, но може да се случи маж и жена да дознаат за евангелието на Исус Христос по стапување во брак, и партнерот не посакува да ја споделува неговата или нејзината новооткриена вера. Во ваков случај Апостолот Павле нѐ подучува:

*"Ако некој брат има сопруга која е неверник и сака да живее со него, тој не смее да се разведува од неа. И ако жена има маж кој не е верник, а тој сака да живее со неа, таа не смее да се разведува од него. Затоа што мажот неверник се прочистува преку неговата жена, а жената неверник се прочистува преку својат маж верник. Инаку вашите деца ќе бидат нечисти, но вака тие се свети."* (1 Коринтјаните 7:12-14)

Во таква ситуација, следбеникот мора да биде стрплив со партнерот неверник, и го искористува своето добро влијание преку тоа што го прави и вели, и секогаш да настојува да покаже добар пример.

## Деца

Обично, бракот резултира со деца, кои верниците ги сметаат како подарок од Бог. Дали да се има деца е работа на свест од страна на секој од партнерите, за што треба добро да се размисли пред бракот и да се има согласност од партнерите. Погрешно е да се донесат деца на овој свет ако не можеме да им ги обезбедиме основните нешта.

*"Ако некој не обезбедува ништо за своите, а посебно за тие од својата сопствена куќа, тој се одрекува од верата, и е полош од некој неверник."* (1 Тимотеј 5:8)

## Љубов и почит

Вистински Хистијански сопрузи и сопруги ќе се однесуваат еден кон друг со постојана љубов и почит, споделувајќи ги одговорностите како и предностите и задоволствата од бракот, и нема да си поставуваат неразумни барања еден на друг. Тие ќе внимаваат грижите за бракот, потребите на фамилијата и домот да не го отежнуваат соодветното посветување на службата кон Бог (прочитајте го 1 Коринтјаните 7:1-10). Ако во брак стапат браќа и сестри од Христос со соодветно разбирање, и по размислување исполнето со молитви, ќе го добијат благословот од Бог, и ќе им помогне на нивниот пат до царството од Бог.

Во ова писмо до Ефесјаните (5:22-33 -ве молиме да го прочитате), Павле објаснува дека врската помеѓу маж и жена е симбол на таа помеѓу Христос и верниците.

*"Затоа сопругот е глава на жената како Христос што е глава на црквата . . . Сопрузи, сакајте ги своите сопруги, токму како што Христос ја сакаше црквата и се даде себеси за неа . . ."*

Дури и најверните следбеници сепак се сеуште човечки суштества и несовршени, и проблеми ќе се појавуваат во секој брак; но сознанието дека Исус ги сака и им ги простува нивните гревови ќе им помогне на сопругот и на сопругата да се однесуваат еден кон друг на ист начин. Ова е најдобрата основа за успешен брак.

Кога Христос ќе се врати, неговите верни следбеници, кои ќе бидат кренати за вечен живот, постануваат Невестата со која Христос ќе се венча.

*"Ајде да се радуваме и да бидеме задоволни и да оддадеме слава! Затоа што дојде времето за венчавката на Јагнето (Христос), а неговата невеста е спремна."* (Откровение 19:7,8)

## Прашања

17.1 Објасни со свои зборови што вели Павле за врската помеѓу сопруг и сопруга во Ефесјаните 5:22-33.

17.2 Каква одговорност имаат родителите верници Христијани кон своите деца? (Видете во Ефесјаните 6:1-4, Колосјаните 3:18-21, Повторени закони 11:16-21).